**З А П И С Н И К**

**од триесет и  деветтиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации**

**за 2025 година**

Триесет и деветтиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации, свикан од Претседателот на Комисијата се одржа на 30.12.2025 година во 15:00 часот.

Присутни: Проф. д-р Орце Симов, д-р Адмирим Алити, Анѓелка Диневска, Насер Адеми и Анкица Трпковска и Директорот на Агенцијата за електронски комуникации, Јетон Акику.

За овој состанок беше предложен следниот дневен ред:

1. Усвојување на дневниот ред за триесет и деветтиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации во 2025 година;
2. Усвојување на записникот од триесет и осмиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации;
3. Разгледување на тековни важни активности во Агенцијата за електронски комуникации;
4. Информација за завршната фаза на изградбата Антенски столб за контрола и мониторинг на радиофреквенциите;
5. Рагледување на допис од Министерство за односи меѓу заедниците, број 04-1936/1 од 26.12.2025 година, заведен под Наш број 1102-59/1 од 26.12.2025 година;
6. Разно.

Претседателот на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации го отвори состанокот и го предложи дневниот ред на усвојување. Сите присутни членови на Комисијата  се согласија и го усвоија Предлог дневниот ред за триесет и деветтиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации во 2025 година.

Потоа членовите на Комисијата пристапија кон разгледување на точка 2 од Дневниот ред, по што го усвоија записникот од претходниот состанокот.

Во врска со точка 3, Директорот на Агенцијата за електронски комуникации ја информираше Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации за текот и превземените активности во врска со постапката за избор на трет мобилен оператор на пазарот.

Во врска со точка 4,  Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации го повика Советникот за поддршка на активностите во АЕК, Илија Кепевски, кој даде информација за завршната фаза на изградбата на Антенскиот столб за контрола и мониторинг на радиофреквенциите.

Во врска со точка 5, Комисијата го разгледа дописот од Министерство за односи меѓу заедниците, број 04-1936/1 од 26.12.2025 година, заведен под Наш број 1102-59/1 од 26.12.2025 година доставен до Агенцијата за електронски комуникации.

Под точка разно немаше дискусија.

Седницата заврши во 17:00 часот.

Проф. д-р Орце Симов, претседател___________

Анкица Трпковска, заменик претседател___________

Анѓелка Диневска, член___________

Насер Адеми, член___________

Д-р Адмирим Алити ------------------------------------------

Наш број 1102-62/2

Скопје 30.12.2025 година